**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовна уметност*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Вовед во ликовната уметност и Историја на уметност<br>• Ликовни елементи<br>• Ликовни принципи |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, таблет, проектор, дигитален фотоапарат, мобилен телефон (апликации), паметна табла, печатач и сл.<br>• Интернет и образовни софтвери.<br>• Хартија, молив (B и HB), јаглен, дрвени боички, туш и перце, сув пастел, фломастери, четки, сликарски шпакли, темперни бои, акрилни бои, водени бои, гваж, маркери, лепак, ножици, картон, валјак.<br>• Глина, картон, пластика, амбалажи, жица, платна, волници, јажиња, лепило за дрво, шпатули, хефталка.<br>• Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, продукти од дизајн и др.) |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот ликовна уметност во I (прва) година од гимназиското образование може да ја изведува лице кое завршило:<br>• факултет за ликовни уметности – педагошки оддел, VII/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група на педагошки предмети за доквалификација од акредитирани високообразовни установи, VII/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ВОВЕД ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ И ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ***

Вкупно часови: 30

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. ја објаснува улогата на уметноста во општеството низ епохите и ги класифицира уметничките дела во ликовните подрачја;
2. опишува, споредува и анализира ликовни дела, ликовни техники и правци во уметноста;
3. споредува локалитети, артефакти и дела во РС Македонија и ги опишува техниките во кои се изработени;
4. креира творба инспириран од дело од различни епохи;
5. развива почит кон културното и уметничкото наследство, со акцент на вреднувањето на уметничките дела и локалитети во РС Македонија како дел од глобалната културна историја.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива почит кон културното и уметничкото наследство.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Што е уметност и која е нејзината улога ? (уметничко дело, визуелна уметност и култура...) | • Ја објаснува општествената улога на уметноста низ времето.<br>• Класифицира ликовни дела според ликовните подрачја. |
| • Глобална историја на уметност од Праисторија до Средновековна уметност<br>(Праисториска уметност, Египетска уметност, Месопотамиска уметност, Егејска уметност, Грчка уметност, Етрурска уметност, Римска уметност, Ранохристијанска уметност, Византиска уметност, Романика, Готика, Исламска уметност, пештерско сликарство, петроглифи, неолитски идоли, фигурини, артефакт, пирамида, храм, столб, зигурат, ѕидно и | • Наведува карактеристики на египетски архитектура, скулптури и сликарство.<br>• Наведува карактеристики и најзначајни примери од античката грчка архитектура, скулптура и сликарство.<br>• Наведува карактеристики и најзначајни примери од римската архитектура, скулптура и сликарство.<br>• Наведува карактеристики на средновековни градби во Византиската уметност, Романика и Готика и прави споредби меѓу нив. |

| | |
|---|---|
| вазно сликарство, антички театар, лак, купола, амфитеатар, аквадукт, палата, атриум, мозаик, катакомби, фреска, икона, релјеф, свод, кула, розета, витраж, арабеска..) | ● Ги опишува карактеристиките специфични за определен уметнички период.<br>● Ги опишува карактеристиките на ликовните дела и ги наведува техники кои се користени за нивна изработка.<br>● Ги споредува карактеристиките на праисториската, античката и средовековната уметност.<br>● Креира и презентира ликовна творба инспирирана од пештерско сликарство.<br>● Креира постери за карактеристики на архитектонски елементи (столбови) од антиката.<br>● Креира илустрација инспирирана од сцена од мит/литературно античко дело. |
| ● Праисториска, античка и средновековна уметност на територија на Република Северна Македонија<br><br>(фигурина, идол, пронаоѓалиште, артефакт, локалитет, мозаик, фреска, икона, арабеска...) | ● Ги наведува најзначајните наоѓалишта од праисторијата во РС Македонија.<br>● Наведува најзначајни средновековни споменици во РС Македонија.<br>● Ги опишува неолитските фигури/идоли и нивната функција.<br>● Презентира временска линија на уметноста и архитектурата.<br>● Анализира изглед на дело од античката уметност во РС Македонија.<br>● Креира ликовна творба со мотив од важен локалитет или артефакт.<br>● Создава модел за мозаик според ранохристијански мотиви од мозаиците во РС Македонија. |
| ● Глобална историја на уметност од Ренесанса до Реализам<br>(Рана Ренесанса, Висока Ренесанса, линеарна перспектива. Маниризам, Барок, Рококо, Неокласицизам, Романтизам, Реализам) | ● Препознава и набројува визуелни разлики во уметноста и архитектурата од Ренесанса до Реализам<br>● Наведува карактеристики и најзначајни примери од ренесансна архитектура, скулптура и сликарство.<br>● Наведува карактеристики и најзначајни примери од барокна архитектура, |

| | |
|---|---|
| | скулптура и сликарство.<br>● Наведува карактеристики и најзначајни примери од уметноста Неокласицизам, Романтизам и Реализам.<br>● Споредува и креира творби со карактеристики на архитектонски елементи од различните периоди.<br>● Креира вињетка за пригоден текст по примери од Ренесансата. |
| ● Уметноста во поствизантискиот период на територија на Република Северна Македонија.<br>(народно творештво, мозаик, фреска, икона, дрворез, арабеска) | ● Разликува икона, фреска, дрворез и арабеска по примери.<br>● Користи/применува калиграфија како техника за пишување на кус текст/збор.<br>● Користи нестандардни материјали во тридимензионална творба/макета.<br>● Креира нацрт за корица на монографија.<br>● Создава илустрација инспирирана од мит, легенда или приказна од народното творештво во РС Македонија. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална истражувачка активност:** Учениците индивидуално истражуваат на интернет и одговараат на прашања за разликите помеѓу праисториската и античката уметност во светски рамки.

Учениците истражуваат, опишуваат и споредуваат карактеристики на значајни градби од Средновековната уметност (споредуваат градби од Византиската уметност со градби од Романиката и Готиката)

Учениците индивидуално истражуваат на интернет и подготвуваат есеј за разликите во визуелната уметност и архитектурата во периодите од Ренесанса до Реализам во светски рамки.

Учениците разгледуваат примери од значајни културно историски средновековни објекти (верски објекти - како црква или џамија), ги споредуваат и препознаваат разлики помеѓу икона, фреска, дрворез и арабеска.

**Групни истражувачки активности:** Учениците создаваат временска рамка од Праисторија до Среден Век. На неа учениците ги

подредуваат значајните локалитети и големи уметнички достигнувања на територијата на РС Македонија. Тие можат да вклучуваат слики од значајни дела и градби долж временската линија.

Учениците пронаоѓаат, споредуваат и анализираат податоци за локалитети, артефакти и дела во РС Македонија, ги опишуваат делата и техниките во кои се изработени. Користат различни извори на информации од интернет, енциклопедии, посети на локалитети, посети на музеи, монографии и сл.;

**Индивидуално творештво:** Учениците креираат сопствени пештерски цртежи на кафеава хартија (пак папир) со природни материјали. (јаглен, бајц, туш и сл.)**.**

Учениците креираат нацрт/дизајн на разгледница, магнет, проспект или флаер од некој средновековен споменик или артефакт од РС Македонија по слободен избор.

Учениците моделираат фигурини од глина инспирирани од Големата Божица Мајка, Адам од Говрлево и останатите неолитски идоли најдени на тлото на РС Македонија.

**Творештво/работа во мали групи:** Учениците изработуваат постери со претстави на разните видови столбови од Египетска и Грчка уметност со комбинација на цртање и сликање. Дополнително користат материјали со различни текстури како шмиргла, ткаенини, разни видови хартии, картони, фолии за да се претставаат различните материјали што се користат во изградбата на столбовите (камен, мермер, итн.).

Учениците изработуваат тридимензионални групни творби, макети со компаративна содржина, на различни видови на куполи, лаци, розети и други архитектонски елементи кои ги детерминираат разликите помеѓу средновековна и нововековна уметност во архитектурата. Користат комбинации на стандардни и нестандардни материјали, техники и ликовни постапки (камчиња, цреп, теракотен глинамол, фолии, стапчиња и сл.)

**Творештво/работа во големи групи/колективно:** Учениците организираат и поставуваат во својата училница или холот на училиштето тематска изложба на создадените „пештерски“ дела. Ги презентираат и опишуваат своите ликовни творби пред останатите ученици или гости на изложбата.

**Практични активности и вежби за ликовни техники:** Учениците креираат фигурини од глина инспирирани од Големата Божица Мајка, Адам од Говрлево и останатите неолитски идоли најдени на тлото на РС Македонија.

Учениците испишуваат кус текст или збор на старословенски јазик или друг стар јазик во техника на калиграфското пишување во стилот текстовите на верски книги во техника туш/бајц со перо.

**Ликовно творештво по сеќавање: У**чениците создаваат модел на мозаик инспириран од посета на археолошки локалитет или музеј, како на пр. од мотивите од Хераклеја, Стоби, Плаошник со темперни/акрилни бои, природен и/или вештачки материјал. Користат истовремено различни ликовни техники и постапки на подлога од картон, плочка или хартија.

**Ликовно творештво според примери:** Учениците изработуваат дизајн (цртаат/сликаат) на глинени садови сцени од Илијада или познат мит во стил и според примери на вазното сликарство.

Учениците изработуваат идејни решенија за мозаици, витражи или арабески по соодветни примери од средновековната уметност.

Учениците исцртуваат и бојат вињетка во стил и според примери од литературни текстови, енциклопедии или верски книги (библија или куран).

**Ликовно творештво по сопствена замисла:** Учениците цртаат/сликаат илустрации според литературата настаната во соодветната епоха, користат фрагменти од текстови од Илијада, Одисеја или некој изучен мит. Творат според сопствена идеја, видување и фантазија.

Учениците цртаат/сликаат илустрации на сцени од народното Македонско литературно наследство, од народни приказни и бајки, настанати во соодветната епоха, користат фрагменти од текстови од изучени Македонски легенди и митови. Творат според сопствена идеја, одбран текст и фантазија.

Учениците креираат нацрт/дизајн за корица за монографија за одреден културно историски локалитет од Поствизантискиот период во РС Македонија по слободен избор и замисла.

Учениците изработуваат нацрт за моден дизајн со мотиви од орнаменти од народни носии.

**Естетско проценување, евалуација, самоевалуација и дискусија:** Учениците дискутираат за различни уметнички дела и нивната улога во општеството низ времето (визуелната уметност како одраз на општеството, улога на уметноста од праисторијата до денес, ликовни подрачја низ историјата).

Учениците дискутираат за уметничките дела и локалитети од исти епохи во РС Македонија како дел од глобалната културна историја со особен осврт кон културното и уметничкото наследство. Предложуваат идеи за неговото чување и афирмација.

| Тема: ***ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ***<br>Вкупно часови: 24 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:<br>1. разликува и применува основни ликовни елементи (линија, форма, боја, текстура, простор - перспектива);<br>2. користи линеарна перспектива во своите уметнички дела;<br>3. анализира уметнички дела преку ликовните елементи;<br>4. создава сопствени дела со примена на овие елементи.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;<br>2. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| ● **Линија**<br>(контурна линија, текстурна линија, карактер на линии) | ● Разликува видови линии, контурни и текстурни линии.<br>● Комбинира/компонира различни видови и карактери на линии за да создаде композиција со контрастни емоции. |
| ● **Насока**<br>**(**вертикална, хоризонтална, коса насока, без насока) | ● Набројува видови насоки.<br>● Ја препознава и објаснува функцијата на насоката во едно ликовно дело.<br>● Применува различни насоки во сопствена творба. |
| ● **Форма**<br>**(**шрафура, контраст, илузија на длабочина, Кубизам, Конструктивизам...) | ● Применува/комбинира едноставни геометриски форми за склопување на сложени форми во својот цртеж.<br>● Применува шрафирање за создавање илузија на длабочина.<br>● Креира скулптура со употреба на картон и геометриски форми инспирирани од Кубизмот и Конструктивизмот. |
| ● **Боја**<br>(примарни, секундарни, терцијарни бои, круг на бои, топли, студени бои, хроматски, ахроматски бои, хармонија во боја, контраст во боја) | ● Креира круг на бои користејќи примарни бои и нивните мешавини и ги анализира добиените резултати.<br>● Објаснува употреба на боја во импресионистичка слика.<br>● Проценува како боите се поврзани со емоционалниот и визуелен ефект на |

| | |
|---|---|
| | сликата.<br>• Креира колаж кој користи топли и студени бои за да прикаже контрастни чувства. |
| • **Големина**<br>(релативна големина, градација на големини...) | • Разликува големини на форми во реален простор и големини на едно дело.<br>• Применува релативна големина во ликовна творба.<br>• Применува различни големини во обликување во 3Д |
| • **Тон**<br>(ахроматски и хроматски тонски скали, тонски клуч, молски, дурски, полн тонски клуч) | • Користи дурски клуч од тонска скала за да изрази контраст.<br>• Користи молски клуч од тонска скала за да изрази хармонија.<br>• Применува техника на шрафирање за добивање на тонки градации во подготовка за графика.<br>• Споредува и анализира ликовни дела од познати уметници, фокусирајќи се на употребата тонските градации. |
| • **Текстура** (реална текстура, имитација на текстура, сликарска фактура...) | • Применува имитација на текстури во мотиви од природата.<br>• Користи различни техники и алатки за сликање при создавање на различни текстури. |
| • **Простор**<br>(преден и заден план, илузија на длабочина, линеарна перспектива со една и две собирни точки, урбан пејзаж...) | • Применува перспектива со две собирни точки при цртање на урбан пејзаж.<br>• Споредува и анализира ликовни дела од познати уметници, фокусирајќи се на употребата на линии, форми и боја.<br>• Аранжира изложба на своите дела и ги анализира ликовните елементи кои ги користел. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална истражувачка активност:** Учениците истражуваат преку интернет репрезентативни ликовни дела од Импресионизмот, ги анализираат делата и индивидуално одговараат на прашања за користените ликовни елементи: линија, форма, боја, текстура и простор.

Учениците прават постери или презентации за спектарот на боите во кои ја опишуваат, споредуваат и анализираат употребата на боите а потоа пред паралелката ги презентираат своите заклучоци.

**Индивидуално творештво:** Учениците цртаат мотиви по избор (животни, растенија или секојдневни предмети) така што, користејќи комбинации на едноставни форми создаваат структура на сложена форма. Сложената форма ја збогатуваат со дополнителни детали за да добијат пореалистичен изглед.

Учениците цртаат едноставни објекти со примена на различни форми. Потоа со разни видови на шрафирање учениците добиваат илузија на тридимензионалност на формите.

**Творештво/работа во мали групи:** Учениците, во мали групи, создаваат колажи со полиња на топли и студени бои на кои на некои полиња се изразуваат топли и енергични чувства, додекана другите мирни, пасивни и студени. За колажите користат отсечени парчиња од различни хартии/картони/ткаенини/списанија и нивни комбинации кои се еднобојни, шарени, дезенирани, проѕирни и др.

**Творештво/работа во големи групи/колективно:** Учениците организираат мини-изложба во училницата или холот на училиштето на која дискутираат за изработените творби/дела на своите соученици, споделуваат мислења за применетите ликовни елементи на истите, дискутираат за мотивите, инспирациите и сл. Предложуваат идеи за следна изложба или презентација.

**Практична активност:** Учениците создаваат текстури (сликарски фактури) со различни материјали, средства и техники и нивни комбинации (четка, сунѓер, сликарски ножеви, неконвенционални алатки, прсти и др.). Ги воочуваат техничките можности и ги развиваат ликовни вештини.

Учениците цртаат урбан пејзаж со примена на линеарна перспектива со две собирни точки. Се фокусираат на планирање и поставување на згради, патишта и предмети со помош на шема од конвергентни линии кон двете собирни точки на хоризонтот. Потоа со разни видови на шрафирање додаваат илузија на тридимензионалност на формите.

**Ликовно творештво по сеќавање:** Учениците цртаат композиција со нагласен преден и заден просторен план во ликовна техника по избор. На ликовната творба креираат сцена од лично сеќавање на пејзаж, улична сцена, фигури, мртва природа и др. со фокус/акцент на просторот: преден план и заден план, за да се постигне илузија на длабочината.

**Ликовно творештво според примери:** Учениците креираат скулптура од картон со употреба на геометриски форми според примери на кубистичките скулптури на Пабло Пикасо како и скулптурите на Конструктивистите.

Учениците моделираат скулптури во глина од едноставни биоморфни форми (по примерот на Хенри Мур).

**Ликовно творештво по сопствена замисла: У**чениците создаваат композиција од полиња со различни видови и карактери на линии

соодветно емоциите (во секое поле од композицијата да се користи различен вид и карактер на линија за да пренесе одредена/различна емоција).

Учениците прават идејно решение за сценографија за претстава според драма која ја изучувале по македонски јазик и литература при што користат линеарна перспектива.

Тема: ***ЛИКОВНИ ПРИНЦИПИ***
Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. применува концепти на рамнотежа, ритам и пропорции во композицијата;
2. анализира уметнички дела врз основа на композиција, рамнотежа, ритам и пропорции.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
2. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Хармонија**<br>(градација на ликовни елементи, квалитет на градација, хармонија по аналогија, хармонија по функција, хармонија по идеја) | • Споредува ликовни дела од познати уметници, препознава и разликува контраст од хармонија.<br>• Разликува хармонија по аналогија од хармонија по функција.<br>• Применува хармонија во нацрт за дезен за ткаенина. |
| • **Контраст**<br>(контраст во линија, контраст во големина, контраст во насока, контраст во тон, контраст  во текстура, контраст во боја, контраст во форма, контраст во форма) | • Користи разни предмети и алатки за креирање на контраст во форма.<br>• Применува шрафирање за содавање контраст во тон и текстура во скица за графика.<br>• Креира колаж од фрагменти од материјали со контраст во текстури, бои и/или форми. |

| | |
|---|---|
| ● **Градација**<br>(градација на ликовни елементи, квалитет на градација) | ● Користи ахроматска градација на тон.<br>● Користи тонска градација (молска, дурска) за да прикаже емоции.<br>● Применува градација во нацрт за дезен за ткаенина. |
| ● **Рамнотежа**<br>(симетрична рамнотежа, асиметрична рамнотежа, комбинирана, радијална рамнотежа, ) | ● Користи симетрична рамнотежа во нацрт за дизајн на накит.<br>● Користи асиметрична рамнотежа во тридимензионална творба.<br>● Споредува ликовни дела од познати уметници, препознава симетрична од асиметрична рамнотежа. |
| ● **Движење и ритам**<br>(регуларен, едноставен, алтернативен, прогресивен, слободен ритам, динамична и статична композиција, емоционалното и визуелното влијание) | ● Препознава ритам на фриз или народен вез.<br>● Применува различни видови линии, форми и бои за добивање на динамична и статична композиција.<br>● Користи ритам за визуелен приказ на музичко дело/фрагмент.<br>● Креира динамична композиција при цртање на кроки.<br>● Креира статична композиција при цртање на архитектура.<br>● Комбинира/компонира ритам на бои и форми во иста композиција. |
| ● **Пропорции**<br>(златен пресек, визирање, деформации) | ● Применува техника на визирање или мрежа за точна репрезентација на пропорциите при цртање портрет или автопортрет.<br>● Применува изобличени пропорции во својата графика за да изрази одредена емоција.<br>● Применува златен пресек  за создавање дизајн на корица на книга, комбинира текст, слики и други елементи.<br>● Анализира деформирани пропорции во уметноста и анализира како тие може да изразуваат емоции или општествени критики. |
| ● **Единство**<br>(Единство на форми, единство на елементи, единство на големини) | ● Користи единство на елементи во скица за графика.<br>● Применува единство на форми и големини во нацрт за сценографија. |

| | |
|---|---|
| | ● Анализира архитектонски дела и пронаоѓа единство на форми во една целина. |
| ● **Основи на композиција** (симетрија, асиметрија, рамнотежа, мрежеста композиција, слободна композиција) | ● Разликува симетрична и асиметрична композиција и ја применува во своето творештво.<br>● Применува мрежеста и слободна композиција, користејќи различни распоредни и структурни принципи.<br>● Споредува и анализира асиметрична композиција, како е постигната рамнотежата и кои елементи ја создаваат. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална истражувачка активноста:** Учениците истражуваат преку интернет репрезентативни ликовни дела од различни уметнички правци, ги анализираат делата и индивидуално одговараат на прашања за рамнотежата и динамиката во композицијата.

Учениците ги споредуваат емоционалните и визуелните разлики помеѓу динамичните и статичните композиции и анализираат како различните линии, форми и бои придонесуваат за чувството на динамика или смиреност.

**Групна истражувачка активност:** Учениците, поделени во групи, истражуваат за концептот на деформирани пропорции во делата на уметниците (како Салвадор Дали (надреализам), Пикасо (Синиот период), германските експресионисти и др.). Потоа ги анализираат пропорциите во одредени дела и дискутираат како изобличените пропорции можат да изразат емоционална длабочина, општествена критика или психолошки состојби.

**Индивидуално творештво:** Учениците изработуваат дизајн на плакат во кој користат контрасти во боја или тон. На истите компонираат текст и визуелни пораки.

Учениците креираат динамична композиција при цртање на кроки со прикажување на човечки и/или животински фигури во движење на тема спорт.

Учениците во парови создаваат асемблажи со симетрична и асиметрична композиција со употреба на исти елементи во симетричната и во асиметричната композиција. Потоа ги презентираат своите творби, ги анализираат и заклучуваат дали во асиметричната композиција успеале да постигнат рамнотежа. Објаснуваат на кој начин е добиена).

Учениците препознаваат и анализираат различни видови ритми во ликовни дела и дизајни (фризови, народни везови и сл.). Потоа учениците дизајнираат дезени за текстил со употреба на едноставни и алтернативни ритми добиени преку варијации во големината, бојата или насоката на елементите.

Учениците цртаат скица за графика (линорез) со примена на контраст во тон. Употребуваат деформации во пропорции по пример на експресионисти. Според скицата изработуваат графика во техника линорез. Потоа, пред соучениците ги презентираат своите творби и дискутираат за емоционалното и наративното влијание на нивните деформации.

**Практична активност:** Учениците во парови создаваат творби со симетрична и асиметрична композиција со употреба на исти елементи во симетричната и во асиметричната композиција. Потоа ги презентираат своите творби ги анализираат и заклучуваат дали во асиметричната композиција успеале да постигнат рамнотежа. Објаснуваат на кој начин е добиена.

**Практични активности и вежби за ликовни принципи:** Учениците создаваат композиција во која се чувствува акција и енергија - со помош на дијагонални линии, преклопување на формите или ритмички линии. Потоа, учениците создаваат композиција во која се чувствува смиреност и тишина со помош на употреба на хоризонтални линии, симетрија и/или редуцирање на елементите. Потоа, учениците ги споредуваат емоционалните и визуелните разлики помеѓу динамичните и статичните композиции и анализираат како различните линии, форми и бои придонесуваат за чувството на динамика или смиреност.

**Ликовно творештво според примери:** Учениците изработуваат слика по пример од барокот (нагласени светло-темни контрасти).

Учениците изработуваат цртеж со линеарна перспектива по примерот на ренесансните мајстори.

**Ликовно творештво по сеќавање:** Учениците креираат статична композиција по сеќавање од едукативна посета или екскурзија при цртање на урбани мотиви, стара или модерна архитектура и сл.

**Ликовно творештво со набљудување:** Учениците цртаат портрет (автопортрет) со примена на визирање (или со користење на техника на мрежа) за доловување на реалните пропорции на портретот. Оваа активност се изведува со користење на жив модел (или огледало за автопортрет) или со фотографии.

**Ликовно творештво по сопствена замисла:** Учениците дизајнираат корица на книга (за лектира или за оригинална приказна), користејќи го златниот пресек при компонирање на насловот, сликите и другите елементи од дизајнот на корицата.

Учениците ги споредуваат емоционалните и визуелните разлики помеѓу динамичните и статичните композиции и анализираат како различните линии, форми и бои придонесуваат за чувството на динамика или смиреност. Истите ги применуваат во ликовна творба по

собствена замисла.

Учениците креираат неколку мали цртежи со различни видови ритми создадени според ритамот на одредени музички композиции или нивни фрагменти кои во текот на часот ги слушаат, доживуваат и паралелно визуелно ги претставуваат . Потоа истите ги лепат на поголема подлога во вид на композиција по сопствена идеја.

Учениците цртаат нацрт за дезен за ткаенина со примена различни видови на хармонија.

**Естетско проценување, евалуација, самоевалуација и дискусија:**

Учениците набљудуваат/презентираат, опишуваат и споредуваат: симетрија и асиметрија, динамична и статична композиција, мрежеста и слободна композиција во ликовни дела и ученички творби.

Учениците изработуваат постери или презентации од резултатите на нивните анализи и пред паралелката ги презентираат своите ликовнио искуства и заклучоци.

Учениците на организираната мини-изложба на изработените дела и ги анализираат и дискутираат применетите ликовни принципи.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите ,ожни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, претставување резултати и нивно презентирање,
- практичната изведба и активност на часовите при изработката на сопствените и заедничките творби;
- изработките (цртежи, слики, графики, скулптури, дизајни, илустрации, презентации, модели и сл.);
- писмените извештаи/презентации со податоци од спроведени истражувања,
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка на постигнатите стандарди за оценување.
Бројчаната сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на практично творечките активности и теоретскиот дел - преку усни одговори и тест на знаење од ликовниот јазик во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовна уметност* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/10<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>______________________________ |